УДК: 355.1(497.1):355.357(533)"1963"

Сашо Додевски
Министерство за образование и наука
sdodevski@gmail.com

# ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ОДРЕД ВО МИРОВНАТА МИСИЈА НА ООН[1] *UNYOM*[2] ВО ЈЕМЕН ВО 1963 ГОДИНА

*Апстракт.* – Трудот се однесува на учеството на југословенскиот одред на ЈНА во мировната мисија на ООН UNYOM во Јемен во 1963 година, во врска со акцијата на ООН за решавање на јеменскиот конфликт. Југославија ја прифатила иницијативата од ООН да учествува со воени сили на ЈНА во мисијата во Јемен. На тој начин, таа настојувала пошироко да се афирмира на меѓународен план и да придонесе за зачувување на меѓународниот мир и безбедност во комплицираната меѓународна ситуација во почетокот на 60-те години од минатиот век, во случајов во решавањето на јеменскиот конфликт, кој е актуелен до ден денес. Во составот на мисијата учествувале и војници од Македонија. Македонија како дел на сојузната држава е директен и целосен наследник на воената историја, традиција и придобивки на поранешна Југославија.

*Клучни зборови.* – Југославија, Јемен, ЈНА, ООН, мировна мисија, UNYOM.

Уште по распаѓањето на Османлиската империја по Првата светска војна, просторот на Арабискиот полуостров бил соочен со нестабилност и кризи. Една од новоформираните држави на тој простор бил и Јемен (Кралството Јемен или Северен Јемен) држава на јужниот дел од Арабискиот Полуостров. Специфичната географска местоположба, верските различности, племенските судири, природните ресурси, влијание-

---

[1] ООН – Организација на Обединетите Нации.

[2] UNYOM – United Nations Yemen Observation Mission.

то на околните држави пред се Саудиска Арабија и Египет, интересите на големите сили, В. Британија, САД, СССР (додека постои) биле причина за континуиран судир во оваа земја, кој е присутен и трае до ден денес.

По смртта на кралот на Јемен, имамот Ахмед бин Јахија[3] во септември 1962 година, го наследил неговиот син имамот Мохамед ал Бадр.[4] Со државен удар во септември 1962 година, јеменската армија и републиканските сили предводени од полковникот Абдулах ал Салах,[5] ја укинале монархијата и прогласиле Арапска Република Јемен. Имамот Мохамед ал Бадр и кралското семејство се засолниле во северниот дел од земјата каде организирале монархистичко движење поддржано од Саудиска Арабија против републиканските сили поддржани од Египет. Во октомври 1962 година, по барање на републиканската Влада, во Јемен биле испратени воени трупи на Египет, со цел да им помогнат на републиканските сили во борбата против монархистите. Монархистичките сили се сконцентрирале во северниот дел од државата, кон границата со Саудиска Арабија, од каде започнале герилска војна против републиканските сили. Републиканската Влада, ја обвинила Саудиска Арабија за помагање на монархистичките сили и доставување на воена опрема од територијата на Саудиска Арабија во Јемен. Монархистичките сили пак ја обвиниле републиканската Влада дека добива воена помош од Египет. На тој начин, кризата добила сериозни и пошироки меѓународни димензии со вклучувањето на Саудиска Арабија и Египет во конфликтот.[6] Развојот на настаните ќе доведе до граѓанска војна помеѓу двете спротивставени страни а проширувањето на конфликтот како поширока закана за меѓународниот мир и безбедност била причина светските сили и ООН да се ангажираат за смирување на ситуацијата во Јемен. Генералниот секретар (понатаму ГС) на ООН, У Тант,[7] сметајќи дека ситуацијата во Јемен е закана за мирот во тој регион од светот, презел мировна ини-

[3] Ахмед бин Јахија (1891–1962), крал и имам на Јемен.

[4] Мохамед ал Бадр (1926–1996), последниот крал и имам на Јемен.

[5] Абдулах ал Салах (1917–1994), прв претседател на Арапска Република Јемен.

[6] United Nations Yemen Observation Mission–UNYOM (July 1963–September 1964), Background, (https://peacekeeping.un.org/sites/default/files/past/unyombackgr.html); Report no. 13, Historical Section, Canadian Forces Headquarters, Yemen–UNYOM, 19 December 1966 (https://www.canada.ca/en/department-national-defence/services/military-history/history-heritage/official-military-history-lineages/reports/forces-headquarters-1965-1970/book-peacekeeping-yemen-1963-1964.html).

[7] У Тант (1909–1974), бурмански дипломат. Генерален секретар на ООН (1961–1971).

цијатива, која ќе доведе до воспоставување мировна мисија на ООН во Јемен.[8]

Во Извештајот на ГС до Советот за безбедност (понатаму СБ) на ООН од 29 април 1963 година, тој истакнал дека, уште од есента 1962 година, водел консултации со претставниците на вклучените страни во конфликтот за ситуацијата во Јемен, во насока на спречување на развојот на настаните кои претставувале закана за мирот во регионот. Тој во февруари и март 1963 година, во Јемен и Египет, испратил мисија за утврдување на факти која ја предводел неговиот помошник, потсекретарот за специјални политички прашања, Ралф Банч.[9] Како резултат на дипломатската активност на ООН, сите вклучени страни во конфликтот дале согласност за прифаќање на условите од договорот за деангажирање, склучен меѓу Саудиска Арабија, Египет и Јемен. Според тие услови, Саудиска Арабија требало да ја прекине целата поддршка и помош на монархистичките сили и да забрани нејзината територија да биде користена од монархистичките сили за продолжување на борбата во Јемен. Египет требало да преземе мерки за започнување на фазно повлекување на трупите од Јемен, кои во текот на повлекувањето требало да останат во нивните бази и да не преземаат активности на теренот. За таа цел, требало да се воспостави демилитаризирана зона во должина од 20 км. на двете страни од границата меѓу Саудиска Арабија и Јемен, каде воените сили и опрема ќе бидат отстранети. Во таа зона, од двете страни, ќе бидат стационирани непристрасни набљудувачи, кои ќе имаат должност да патролираат низ демилитализираната зона, да го надгледуваат и проверуваат исполнувањето на условите од договорот за деангажирање. Тие требало да го потврдат прекинот на активностите и поддршката на монархистите сили од Саудиска Арабија, како и следење и потврда на движењето и повлекувањето на египетските сили од аеродромите и пристаништата во Јемен. ГС побарал од генерал Вон Хорн[10] (Шведска), во тоа време, началник на штабот на UNTSO (United Nations Truce Supervision Organization), да ги посети вклучените страни во конфликтот, со цел да ги утврди условите за формирање и функционирање на мисијата и исполнување на договорот за деангажирање.[11]

---

[8] *The Blue Helmets*, A review of United Nations Peace-keeping, Second edition, New York, United Nations Department of Public Information ed., 1990, 187–197.

[9] Ралф Банч (1904–1971), американски научник и дипломат.

[10] Карл К. Вон Хорн (1903–1989), шведски генерал.

[11] Report of the Secretary-General to the Security Council concerning developments relating to Yemen, 29 April 1963, (UN Document S/5298).

Врз основа на утврдената состојба од извршената мисија на генералот Вон Хорн, ГС во Извештај од 27 мај 1963 година, го известил СБ на ООН дека: а) набљудувачи на ООН во регионот се неопходни и од витално значење како одлучувачки фактор за избегнување на сериозни проблеми, веднаш и без понатамошно одложување; б) теренот и климатските услови во кои набљудувачите ќе работат во некои сектори се екстремно тешки; в) потребниот персонал за набљудувачката мисија не треба да надминува 200 припадници; г) набљудувачката мисија би траела не повеќе од четири месеци; д) потребниот персонал би можел да биде регрутиран од мисиите UNEF (United Nations Emergency Force), UNTSO и UNMOGIP (United Nations Military Observer Group in India and Pakistan).[12] Воспоставувањето на мисијата се одвивало во затегната атмосфера и меѓусебни обвинувања меѓу судрените страни и покрај склучената тројна спогодба (Јемен, Саудиска Арабија и Египет) според која Саудиска Арабија требала да ги повлече трупите од јеменската граница и да ја запре секоја помош на монархистичките сили кои имале бази на саудиска територија. Јемен ја обвинил Саудиска Арабија за агресија бидејќи од саудиска територија продолжила инфилтрацијата на непријателски елементи и непријателски акции против новата републиканска власт.[13]

Пред одржувањето на седницата на СБ на ООН за авторизирање на мисијата, ГС У Тант во Њујорк го најавил формирањето на мисијата.[14] Откако го земал предвид Извештајот на ГС, СБ на ООН, на седницата одржана на 11 јуни 1963 година, ја усвоил Резолуцијата 179[15] со која побарал од ГС, да воспостави набљудувачка операција во Јемен, на тој начин, официјално авторизирајќи го воспоставувањето на мисијата UNYOM - United Nation Yemen Observation Mission.[16]

Мандатот на мисијата бил прецизно утврден: да го надгледува и потврди имплементирањето на договорот за деангажирање меѓу Сау-

---

[12] Second report of the Secretary-General to the Security Council on developments relating to Yemen, 27 May 1963, (UN Document S/5321).

[13] „Разбиена нова инфилтрација од Саудиска Арабија во Јемен“, Нова Македонија, XX/5974, 6.06.1963, 1.

[14] За кризата во Јемен, дневниот весник “Нова Македонија” на своите страници редовно објавувала, авторски новинарски коментари и анализи, пренесувала агенциски информации од Танјуг и другите светски новински агенции итн. „У Тант: Посматрачи на ОН долж границата меѓу Јемен и Саудиска Арабија“, Нова Македонија, XX/5977, 9.06.1963, 1.

[15] UN Security Council Resolution 179, 11.06.1963.

[16] „Состанок на Советот за безбедност за Јемен“, Нова Македонија, XX/5980, 12.06.1963, 1.

диска Арабија, Египет и Јемен. Мандатот на мисијата, бил ограничен во однос на други набљудувачки мисии на ООН, бидејќи, воспоставувањето на мисијата не било базирано на некаков договор за прекин на огнот, бидејќи не постоел прекин на огнот кој требало да се надгледува. Задачата на UNYOM била строго ограничена на набљудување, потврдување и известување во врска со намерите на Саудиска Арабија и прекин на активностите за поддршка на ројалистите и намерите на Египет за повлекување на трупите од Јемен.[17]

Мандатот на мисијата бил прецизно регулиран, имплицирајќи две групи ограничувања: а) ограничувања во функционална смисла. Мисијата била овластена исклучиво да ја набљудува ситуацијата на теренот. Функцијата на мисијата била ограничена стриктно на набљудување, потврдување и известување Саудиска Арабија да ги прекине активностите за поддршка на монархистите во Јемен т.е. навлегувањето на силите на Саудиска Арабија и на монархистите од саудиска територија на јеменска територија со луѓе, оружје, муниција и Египет да ги повлече воените сили од јеменска територија; б) ограничување во географска смисла. Процесот на набљудување било дозволено да се врши во демилитаризираната зона (buffer zone) во должина од 20 километри, која се простирала на север и југ на двете страни од границата меѓу Саудиска Арабија и Јемен како и набљудувачките точки кои ќе го следат движењето и повлекувањето на египетските сили од аеродромите и пристаништата во Јемен.

Во оствварувањето на мандатот на мисијата, во демилитаризираната бафер зона се формирал систем на реализација на мисијата преку воспоставување на неколку точки со набљудувачи позиционирани на главните комуникациски патни врски и воспоставување на систем на копнено и воздушно патролирање. Набљудувачките точки биле воспоставени во Јизан и Најран (на територијата на Саудиска Арабија, Најран во демилитаризираната зона), Сада и Хадрад (на јеменска страна, Хадрад во демилитаризираната зона). Набљудувачка точка имало и во пристаништето Ел Ходеида на Црвеното море. Во главниот град на Јемен, Сана бил лоциран главниот штаб на мисијата. Главната база на воздушните воздухопловни набљудувачки единици била лоцирана во Ел Ходеида, со бази во Сана, Јизан, Хадрад и Најран. Главната функција на силите стационирани во Сада, Хадрад и Ел Ходеида, била да набљудуваат

[17] United Nations Yemen Observation Mission - UNYOM (July 1963–September 1964), Mandate, (https://peacekeeping.un.org/sites/default/files/past/unyommandate.html).

и да известуваат за повлекувањето на воените сили на Египет. Главната функција на силите стационирани во Јизан и Најран била да го надгледуваат и да известуваат за намалувањето и прекинувањето на помошта на ројалистите од Саудиска Арабија.[18]

Во однос на составот на мисијата, истата ја сочнувале: команда на мисијата, извиднички единици кои биле составени од пешадиска чета и лесен воздухопловен вод, воздушно-транспортни единици, воено-набљудувачко одделение, два офицери за врска. Бројниот состав на мисијата изнесувал: 25 воени набљудувачи, 114 старешини и војници од пешадиско-извидничка чета, 50 офицери и персонал од воздухопловната единица (авиони и хилихоптери): вкупно 189 припадници на воен персонал. Командата на мисијата ја сочинувале: командант на мисијата, заменик-командант, офицер за разузнавање, заменик-офицер за разузнавање, офицер за персонални прашања, офицер за логистика, воздухопловен штабен офицер, санитетски офицер, воени набљудувачи, офицери за врска и офицер за врска во извидничката чета. Главнината на мисијата ја сочинувале една пешадиско-извидничка чета од Југославија, една воздухопловна чета од Канада[19] и друг воен и цивилен персонал од други држави, распореден за потребите на мисијата.[20]

Команданти на мисијата биле: генерал К. К. Вон Хорн, Шведска (4 јули 1963–25 август 1963), полковник Бранко Павловиќ, Југославија (вршител на должноста 26 август 1963–11 септември 1963) и генерал-полковник Прем Синг Џани,[21] Индија (12 септември 1963–7 ноември 1963). Во периодот јули 1963 до септември 1964 година, до кога траела мисијата,

---

[18] Report of the Secretary-General to the Security Council on the functioning of the United nations Yemen Observation Mission and the implementation of the terms of disengagement, 4 September 1963, (UN Document S/5412); Report of the Secretary-General to the Security Council on the functioning of the United nations Yemen Observation Mission and the implementation of the terms of disengagement, 28 October 1963, (UN Document S/5447&Add. 1&2).

[19] Од Канада била ангажирана 134 воздушно-транспортна единица (извидничка ескадрила) со 50 офицери и персонал од воздухопловната единица (авиони и хилихоптери) и воздухоплови: DHC-3 Twin Otters, DHC-4 Caribous и H19 Helicopters, United Nations Yemen Observation Mission (UNYOM), (https://www.canada.ca/en/department-national-defence/services/military-history/history-heritage/past-operations/middle-east/united-nations-yemen-observation-mission.html); (www.115atu.ca/yem.htm).

[20] United Nations Yemen Observation Mission - UNYOM (July 1963–September 1964), Facts and Figures, (https://peacekeeping.un.org/sites/default/files/past/unyomfacts.html).

[21] Прем Синг Џани (1910–1988), индиски генерал.

држави кои учествувале во мисијата со воени претставници (воени набљудувачи) биле: Австралија, Данска, Гана, Индија, Италија, Холандија, Норвешка, Пакистан, Шведска, Југославија. Финансиските трошоци на мисијата изнесувале: 1.840.450 долари. Мисијата UNYOM функционирала до 4 септември 1964 година, кога нејзините активности завршиле, а персоналот и опремата биле повлечени. Во текот на операцијата немало жртви меѓу припадниците на мисијата.[22]

Југославија активно се вклучила во акцијата на ООН во врска со јеменскиот конфликт преку испраќање воени сили на ЈНА во мировна мисија распоредени на јеменско-саудиската граница.[23] Консулатациите и координацијата за оваа акција биле водени преку постојаната мисија на Југославија при ООН во Њујорк а разговорите со ГС и претставниците на ООН[24] ги водел амбасадорот на Југославија во ООН Мишо Павиќевиќ.[25] По барање на ГС и на Секретаријатот на ООН, Сојузниот извршен совет (Југословенската влада) донел одлука, една единица на ЈНА да се испрати во Јемен, како дел од набљудувачката мировна мисија UNYOM. Иако, свесна за тешките климатски услови и општата ситуација за живеење и работење во Јемен, Југославија сепак го прифатила барањето на ООН, да испрати своја единица во мисијата во Јемен.[26]

Државниот секретар за народна одбрана, генерал на армија Иван Гошњак,[27] на 24 јуни 1963 година, донел наредба за формирање на Одредот на ЈНА во Јемен. Во наредбата биле дадени сите потребни упатства на надлежните командни структури за формирање на Одредот. Персоналот на Одредот т.е. војниците, старешините и потребниот број преведувачи на англиски јазик, биле пополнети од составот т.е. веќе постоечкиот Одред на ЈНА во Египет во мисијата UNEF а дел од припадниците дошле од Југославија. Одредот практично бил формиран во Египет од тамошниот состав на ЈНА во мисијата UNEF. Официјалниот назив на единицата бил југословенска извидувачка чета или попознат како Одре-

---

[22] *The Blue Helmets*..., 433.

[23] Поранешна Југославија учествувала во неколку мировни мисии на ООН: UNEF I (1956–1967) во Египет, UNYOM (1963–1964) во Јемен, UNIMOG (1988–1991) во Ирак и Иран, UNTAG (1989–1990) во Намибија и UNABEM (1989–1995) во Ангола.

[24] „Павиќевиќ разговараше со У Тант", Нова Македонија, XX/5981, 13.06.1963, 1.

[25] Мишо Павиќевиќ (1915–1995), југословенски политичар и дипломат.

[26] „Југославија ќе упати во Јемен одред од 110 војници и старешини", Нова Македонија, XX/5995, 27.06.1963, 3; UN u Kongu i Jemenu–Jugoslavija i pitanje finansiranja operacija i misija UN, *Međunarodna politika*, XIV/325 (1963), 6–7.

[27] Иван Гошњак (1909–1980), југословенски генерал.

дот на ЈНА во Јемен и ја претставувала главнината на силите т.е. ја имала водечката улога во мировната мисија во Јемен.[28]

Согласно потребите за реализација на мисијата, комплетирање и пополнување на единицата, била донесена одлука од земјата да се испрати неопходен број на старешини и преведувачи на арапски јазик. Возилата, радиостаниците, воената опрема, вооружувањето и другите потребни материјално-технички средства биле испратени од Југославија. Сите средства морале да бидат нови и во целосно исправна состојба. Биле дадени насоки за начинот на интендантското обезбедување, користење на опремата, храната, водата, итн. Била утврдена и маршрутата на движење на бродот со кој требало да патуваат припадниците на Одредот.[29]

Подготовките и во Југославија и на Синај траеле неколку дена. Во таа прилика на старешините им била разјаснета воено-политичката ситуација во Јемен, целите и задачите на мировната операција на ООН, ставот на Југославија кон ситуацијата во Јемен, положбата и улогата на Одредот. Биле предочени економските, географските и сообраќајните услови во Јемен. Командата на Одредот оценила дека е направен одличен потег со тоа што идниот одред се формира од Одредот за Синај затоа што војниците веќе се адаптирале на климатските услови на Синај кои приближно одговарале на условите во Јемен. Исто така, старешините се навикнале на задачите кои ги извршувале на Синај, кои биле слични со задачите во Јемен. Се работело и на јакнење на моралот на војниците за да бидат подготвени за извршување на задачата.[30]

По извршените подготовки, прво, била формирана и испратена во Сана, мала претходница на Одредот, предводена од полковник Бранко Павловиќ (дотогашен командант на Одредот на ЈНА во Египет), кој бил именуван на должност заменик на командантот на силите на ООН

---

[28] Животић, Александар. *Форсирање песка–Одред ЈНА на Синају 1956–1967*. Медија центар Одбрана, Београд, 2011, 115–116.

[29] Naredjenje DSNO (Državni Sekretarijat za Narodu Odbranu) o formiranju, priprema i upućivanju Odreda JNA u Jemen u sastavu snaga OUN, (ВА, АЈНА, ОД-2, к. 586, ф. 1, ред. бр. 1). Архивскиот материјал за учеството на ЈНА во мировната мисиија Јемен се чува во Воениот архив на ЈНА во Белград. Документацијата е депонирана во два фонда: Команда одреда ЈНА на Синају 1956–1967 со ознака ОД–1 и Команда одреда ЈНА у Јемену 1963 со ознака ОД–2. Воен архив - Белград (понатаму ВА), Архив на ЈНА (понатаму АЈНА), Фонд (ознака на фондот), Кутија (понатаму к.), Фасцикла (понатаму ф.), реден број (понатаму ред. бр.).

[30] Popović, B. „Učešće pripadnika JNA u mirovnim operacijama UN u periodu od 1956 do 1993 godine“, *Vojno delo*, vol. 64, br. 2, (2012), 360.

во Јемен, заедно со неколку офицери и преведувачи. Тие пристигнале во Сана со цел да го подготват доаѓањето на Одредот.

Воената опрема и вооружувањето биле натоварени на бродот „Земун” во пристаништето во Риека. На 27 јуни 1963 година, од логорот на Одредот во Ел Ариш во Египет, Одредот на ЈНА за Јемен заминал кон египетското пристаниште Порд Саид на Средоземното море, каде се утовариле припадниците на Одредот. По пет дена пловидба на 4 јули 1963 година, Одредот пристигнал во Ел Ходеида, јеменско пристаниште на Црвеното Море. Во текот на пловидбата со војниците биле направени подготовки за извршување на мисијата и обука за ракување со опремата.

*„Уште од првиот ден, нашата единица беше извонредно дочекана. Кога Одредот пристигна во јеменското пристаниште Ходеида, му беше приреден свечен дочек. Народот од тој град нè прими извонредно...“.*[31] *„Народот на Јемен ги дочека нашите војници пријателски. Поголем број пристанишни работници и граѓани на Ходеида го пречекаа „Земун” со аплаузи и повици. Домаќините топло ги поздравија војниците од ОН...“.*[32]

Веднаш по истоварувањето, припадниците на Одредот со авиони биле пренесени на набљудувачките места во зоната на операцијата, каде се позиционирале на теренот и практично веднаш, започнале со реализација на мисијата. Командата или базата на Одредот, била лоцирана во близина на градот Најран на територијата на Саудиска Арабија, во близина на јеменско-саудиската граница. Командант на Одредот бил полковник Матија Поповиќ. Неколку офицери од Одредот биле распоредени на работа во командата на UNYOM во Сана. За реализација на мандатот на мисијата бил изработен План на операцијата во зоната на дејствување на Одредот. Планот содржел: цел на мисијата, концепт на мисијата, состав на Командата на UNYOM, бројна состојба на силите, распоред на силите на теренот и други информации. Целата на операцијата била: контрола на јеменско-саудиската граница, спречување на инфилтрација на ројалистите од територијата на Саудиска Арабија која истите ги помагала во Јемен, да се воспостави контрола со која би се спречило снабдувањето и пренесувањето на оружје, муниција, луѓе, финансиски средства преку северната јеменска граница и да се набљудува повлекувањето на египетските сили од јеменска територија. Овие цели би се постигнале со патролирање на копно со моторни возила во содејство со воздухопловните сили на авијацијата и извидувањето од воздух.

---

[31] „Patrolna staza dugačka 180.000 kilometara“, Narodna armija, XIX/1270, 6.12.1963, 10.

[32] „Naš Odred u Jemenu“, Front, XIX/19, 1.10.1963, 14–15.

Припадниците на Одредот биле позиционирани во т.н. демилитаризирана бафер зона меѓу Јемен и Саудиска Арабија во ширина од 20 километри од двете страни на границата и во должина од 300 километри. За реализација на мисијата, организационата структура на Одредот била составена од: командант на Одредот, штаб на Одредот и три копнени извиднички вода, единица за врски и тим за медицинска заштита. Одредот броел: 22 офицери, 17 подофицери и 79 војници или вкупно 118 припадници,[33] главно сочинет од пешадиски сили. Секој вод го сочинувале 25 до 40 луѓе. Одредот според планот на операцијата, бил позициониран во триаголникот: Најран – Сада – Јизан на двете страни од јеменско-саудиската гранична линија. Во Најран (на територијата на Саудиска Арабија) бил лоциран штабот на Одредот и распореден еден пешадиски извиднички вод, еден пешадиски извиднички вод во Сада (на територија на Јемен) и Јизан (на територија на Саудиска Арабија) и еден пешадиски извиднички вод во Хадрад (на територија на Јемен).

Составен дел од мисијата била и канадската извидувачка воздухопловна ескадрила и канадските пилоти, кои со воздушните извиднички летови, вршеле воздушно патролирање на границата и биле воздушна поддршка на копнените патроли. Заедничкото планирање, содејство и извршување на задачите, придонело единицата да дејствува хомогено, без оглед на нејзиниот повеќенационален состав.

Демилитаризираната зона била поделена на три реона или патролни области: западен (Јизан), источен (Најран) и централен (Сада), со план со точно утврдено растојание на движење на патролите од едно до друго место. Западниот и источниот реон, биле контролирани со копнени моторизирани патроли, а централниот реон, поради непристапната конфигурација на теренот бил набљудуван со воздухопловни сили и воздушно извидување. Концептот на реализацијата на мисијата и дејствувањето на припадниците на Одредот вклучувал дневно и неделно копнено патролирање и извидување во содејство и со поддршка од воздухопловни патроли. Секојдневно биле упатувани пет-шест патроли со три до четири моторни возила, составени од два офицери, 10 војници, радио-везист со опрема, војник инженерец за отворање на премин меѓу минските полиња, два болничари и непосредно обезбедување со нишан-

[33] Kopija Note sekretarijata OUN i spisak imena vojnika JNA koji su odlikovani medaljom UN za sluzbi pri posmatraćkoj misiji u Jemenu, (ВА, АЈНА, ОД–1, к. 557, ф. 6, ред. бр. 1); Spisak vojnika Odreda JNA, koji su došli na Sinaj 8.VI.1963 godine iz domovine, a otišli sa Sinaja u Jemen 27.VI.1963 godine, (ВА, АЈНА, ОД–2, к. 586, ф. 3, ред. бр. 7–1); Животић, Александар. *Форсирање песка...*, 115.

ција и помошник со пушкомитралез. Просечната должина на движење на патролите во двата правци била околу 120 километри. Војниците со себе носеле оружје, комплети за прва помош и доволно храна и вода, во обем кој е доволен за извршување на задачата. За одржување на комуникациите, бил воспоставен систем на врски кои биле во постојана функција.[34]

Пешадиските извиднички водови ги извршувале задачите со патролирање долж границата, често одалечувајќи се повеќе до стотина километри од нивните бази. Секој член на патролата пред тргнувањето на извршување на задачата добивал јасни инструкции за начинот на патролирање и извидување. Формацијата на патролите била поставена да може да одговори на евентуален напад или заседа. Во неколку случаи патролите биле нападнати и принудени да се бранат со отворање на оган, а исто така избегнале и поставени заседи на теренот. Проблем при реализацијата на патолите претставувале минските полиња. Во евиденцијата на Одредот, како резултат на набљудувањето, извидувањето и заседите патролите регистрирале премин од Саудиска Арабија во Јемен на: 9000 натоварени камили, 300 натоварени магариња и преку илјада камиони. Секое движење на границата било евидентирано од припадниците на мисијата за што била известувана командата на мисијата. Биле реализирани вкупно 564 копнени патроли и бил поминат копнен пат во должина од околу 180.000 километри.[35]

За амбиентот и просторот каде дејствувале припадниците на Одредот, најдобро сведочи следниов запис на потполковник Тончи Марача, заменик командант на Одредот. *„Веќе десетина дена југословенскиот одред во составот на силите на ОН на Блискиот исток се наоѓа на своите места долж границата меѓу Саудиска Арабија и Јемен. И во Јемен и во Саудиска Арабија припадниците на Одредот се пријателски дочекани. Во логорите на нашите единици секојдневно доаѓаат жителите од најблиската околина и се запознаваат со војниците. Првата фаза од акцијата на Одредот беше насочена кон тоа помеѓу населението да се популаризираат мерките на ОН и тоа да се запознае со набљудувачките единици, а тие пак со своите идни патролни патеки. Условите за живот на припадниците на Одредот засега се прилично тешки, особено по-*

[34] Plan operacija za misiju Ujedinjenih nacija u Jemen i Saudi Arabiji – prilog br. 3, (BA, AJHA, ОД–2, к. 586); Животић, Александар. *Форсирање песка...*, 117–118.

[35] „Patrolna staza dugačka 180.000 kilometara...,“; 10; Животић, Александар. *Форсирање песка...*, 118.

*ради разликите во климата. Овде владеат големи жестини, а преку ден дува пустински песок. Основа во исхраната сѐ уште се конзервирани артикли. Лебот се доставува еднаш неделно од Ел Ариш... И покрај наглата промена на климата и некои други тешкотии, овие први денови од престојот на новата задача сѐ уште нема (според амбулантскиот протокол) ниту болни, ниту повредени. Одредот сѐ подобро се средува и секој ден е сѐ полесно... Асмара во Етиопија е предвидена како место каде припадниците на Одредот ќе одат на по 6 дена на одмор... Најран и Сада се на надморска височина од 1600 метри. Панорамата на теренот околу логорот најубава е во раните утрински часови. Логорот во кој е командата на Одредот, одалечен е 16 километри од градот Најран и се наоѓа на пустинско плато, опкружен со високи брда од сите страни. Брдата се од црн гранит и се тешко проодни. На платото има многу малку вегетација, малку дрва кои не ја пружаат потребната ладовина... Се има впечаток дека целокупната ниска вегетација не може да добие вистинска зелена боја бидејќи на сонцето се суши и согорува...“*[36]

ГС и високи функционери на ООН еден месец по започнувањето на мисијата на Одредот упатиле високо признание за дејствувањето и извршувањето на задачите на Одредот оценувајќи го како многу поволно и задоволително и покрај тешкотиите и комплицираната ситуација во тој дел на светот.[37]

Во однос на логистиката и користењето на материјално-техничките средства одредот бил опремен со 35 теренски возила (застава AR – 55)[38] и 24 приколки. Во однос на техничкото обезбедување, користењето на овие возила во пустински услови довеле до одредени проблеми. Возилата не биле опремени за дејствување во пустински услови, песочниот и брдовит терен ја отежнувал употребата и техничко одржување. Теренот и климатските услови довеле до брзо зголемување на работната температура на моторите кај возилата, немало техничка работилница и доволно резервни делови за одржување, немало офицери за техничко одржување, така што дополнително бил упатен офицер од техничка служба. Но и покрај овие проблеми, кампањолите добро се покажале во пустински услови. Проблем било и одржувањето на оружјето поради пе-

---

[36] „U bafer zoni“, Narodna armija, XIX/1252, 2.08.1963, 9.

[37] „Функционери УН одају велико признање делатности југословенског одреда у Јемену“, Борба, XXVIII/211, 2.08.1963, 6.

[38] Застава AR-51/55 („Кампањола“) теренски возила произведени во фабриката “Застава” во Крагуевац по италијанска лиценца. Возилото е произведувано во различни варијанти периодот 1951–1987 година.

сочните бури и високата влажност. Во однос на интенданското обезбедување, полските војнички кујни во пустински услови се покажале непрактични и неупотребливи затоа што работеле на дрво кое го немало во пустината. Војниците биле сместени во шатори кои брзо се загревале. Недостасувале полски купатила за одржување на хигиена, исхраната била на база на сува конзервирана храна што влијаело на кондицијата и здравјето на војниците а регистрирани биле бројни случаи на губење на тежина. Лебот бил доставуван со авион еднаш неделно од базата на Одредот на ЈНА во Египет во Ел Ариш. Санитетското обезбедување било добро организирано, Одредот имал лекар, амбуланта а секој вод имал болничар со искуство стекнато на Синај. Сите проблеми со техничкото, интенданското и санитетското обезбедување на Одредот со тек на време биле надминати. Одредот дејствувал во комплексни услови како: прилично тешки климатски услови поради големите разлики на дневните и ноќните температури и условите во пустината, ветар, бури итн., нестабилната воено-политичка ситуација во Јемен, судирот на интересите на Египет и Саудиска Арабија, специфичната позиција на командата на UNYOM, големата зона на мисијата со присуство на многубројни припадници на разузнавачки служби.

Разузнавачкото и контра-разузнавачкото обезбедување на Одредот (базирано на искуствата од Синај) и наставно-безбедносната подготовка на припадниците директно допринело за успехот на одредот при извршувањето на задачите во зоната на мисијата. При ангажирањето биле воочени и други проблеми како несоодветната формација на Одредот во однос на големината на единицата и идните задачи на теренот. Недостасувале лица за водење на финансиите, кројачи, преведувачи. Како најголем проблем било непознавањето на англискиот јазик. Командирите на водовите лоцирани на три различни места на голема оддалеченост од командата на Одредот, биле принудени да комуницираат со претставници на судрените страни и локалното население. Комуникацијата била отежната затоа што само четири офицери знаеле англиски јазик, командантот на Одредот не зборувал англиски јазик. Одредот имал седум преведувачи, но и нивното ниво на познавање на јазикот не било на адекватно ниво. Сепак, и покрај сите недостатоци и проблеми кои ги следеле припадниците на Одредот во Јемен, учеството на југословенскиот одред било успешно.[39]

---

[39] Popović, B. „Učešće pripadnika JNA u mirovnim operacijama UN...“, 361–362; Животић, Александар. *Форсирање песка...*, 118–119.

Многу значајна тактика на командата на Одредот при неговото позиционирање и дејствување на теренот, била воспоставената добра соработка со локалното цивилно јеменско и саудиско население. Оваа соработка била остварувана пред сѐ поради безбедносни причини, за да се избегнат можни инциденти и доведување во опасност на животот на припадниците на Одредот, но и од практични причини, собирање на податоци за да се овозможи мисијата нормално и успешно да функционира. Така, командата на Одредот и базите на другите делови на Одредот распоредени во бафер зоната, често биле посетувани од локалното цивилно население и бедуинските племиња. Медицинскиот тим на Одредот давал медицинска помош на локалното население. Командата на Одредот воспоставила соработка и комуникација со локалните цивилни и воени власти на Саудиска Арабија и Јемен.

Запознавањето со историските и политичките прилики во Јемен и културата на тој народ кој живеел во зоната на операцијата придонел за успешна реализација на мисијата. Пред доаѓањето на Одредот во Јемен, Саудиска Арабија кај локалното население ширела негативна пропаганда дека Југославија е традиционален пријател на Египет и на претседателот Насер, па затоа во мисијата ќе биде на страната на Египет. Затоа од самиот почеток припадниците на Одредот се труделе народот, воените и цивилните власти да ги запознаат во вистинско светло, да ги промовираат принципите на ООН и своето објективно учество. Определбата на Одредот да со непристрасно ангажирање допринесе кон мирот се потврдило со тоа што амбулантата била отворена за лечење на локалното население. Народот на Јемен покажал благодарност за упатувањето на Одредот на границата меѓу Јемен и Саудиска Арабија. Одредот бил испратен со големо почитување. Освен со локалното население, Одредот воспоставил добра соработка и со канадската воздухопловна единица. Без оглед на условите за сместување, исхраната, оптеретувањето на војниците, здравствената состојба на припадниците на Одредот била многу добра. Психофизичката подготвеност на војниците и старешините пресудно влијаела Одредот со успех да ги изврши сите задачи. Најголема потврда за успехот на Одредот е тоа што немало никакви загуби и залагањето на командата да истрае во тоа и да дејствува исклучиво во рамките на доделениот мандат.[40]

Во однос на успешноста на реализацијата на мисијата, може да се заклучи дека припадниците на Одредот, имајќи ги предвид сите окол-

[40] Popović, B. „Učešće pripadnika JNA u mirovnim operacijama UN...," 362–363.

ности: географски, климатски, здравствени, политички, воени, итн., успешно ја извршиле нивната мисија. И покрај тешките услови за реализацијата на мисијата, никој од припадниците на Одредот не бил повреден, ниту се разболел од некое потешко заболување. Теренските возила (џипови–кампањоли) како главни превозни средства со кои се вршело патролирањето и реализацијата на задачите и покрај определени проблеми, успешно се покажале во активностите кои се одвивале во тие тешки услови, при што се настојувало возилата без прекин целосно да бидат во исправна состојба.

Уште во текот на реализацијата на мисијата, од ГС и Секретаријатот на ООН во неколку наврати, припадниците на Одредот, командантот и неговиот заменик, старешините и војниците биле пофалени за залагањето и дејствувањето во најсложени ситуации.[41] За успешната реализација на мисијата, ГС на ООН испратил писмена благодарност по повод завршувањето на службата на Одредот на ЈНА во Јемен. Во писмото меѓу другото се вели: *„По повод заминувањето на југословенските трупи по петмесечно служење во набљудувачката мисија на ОН во Јемен сакам на југословенската влада да ѝ изразам благодарност за нивната служба. Тие извршуваа тешки задачи под неповолни и многу тешки временки услови со висока војничка дисцилпина и многу допринесоа во воспоставувањето на мирот во немирната област. Задоволен сум што група на југословенски офицери ќе продолжи со службата во набљудувачката мисија на ООН во Јемен како постојани офицери и воени набљудувачи“*.[42]

Секретаријатот на ООН ги одликувал со медал на ООН сите припадници на Одредот во Јемен за служба во мисијата UNYOM. Во нотата на Секретаријатот на ООН, упатена до постојаната мисија на Југославија во Њујорк се вели:

Обединети нации,
Њујорк
OP 550 (7)

*„Секретаријатот на ОН го изразува своето почитување на Постојаната мисија на СФРЈ и има чест да ја пренесе во прилог листата*

[41] „Patrolna staza dugačka 180.000 kilometara...," 10.

[42] „Благодарно писмо од У Тант до постојаната мисија на СФРЈ при ООН“, Нова Македонија, XX/6170, 17.12.1963, 3; „Zahvalnost U Tanta Jugoslaviji za pomoć posmatračkoj misiji OUN u Jemenu“, Narodna armija, XX/1272, 20.12.1963, 12.

*со назначени имиња на воениот персонал кој е награден со медал на ОН за служба во мисијата UNYOM“.*[43]

4 февруари 1964

И воените власти на Југославија, началникот на Генералштабот на ЈНА, генерал-полковник Раде Хамовиќ,[44] на 18 декември 1963 година, донел наредба според која, поради примерното залагање во работата и извршувањето на поставените задачи и издржливоста во многу тешките услови за живот и работа на припадниците на Одредот во Јемен ги пофалил сите војници, подофицери, офицери и други припадници на Одредот на ЈНА во Јемен, кои во времето од 27 јуни до 1 декември 1963 година, престојувале во Јемен во рамките на мисијата на ООН.[45]

Мисијата на пешадиско-извидничката чета т.е. на Одредот на ЈНА во мисијата UNYOM во Јемен завршила кон крајот на ноември 1963 година, со повлекување од позициите на кои биле распоредени деловите на Одредот, долж јеменско-саудиската граница.[46] Ова повлекување се случило по одлуката на Сојузната влада за повлекување на Одредот од Јемен. Државниот секретар за народна одбрана на 29 октомври 1963 година, донел наредба да се извршат сите подготовки за повлекување на луѓето и опремата во земјата. Во наредбата била утврдена и динамиката на повлекувањето, временскиот тајминг на дислокацијата на силите од теренот, тајмингот на товарење на луѓето и опремата на бродот, пристаништето на поаѓање во Јемен и истоварување во Југославија, активностите кои требало да се преземат при патувањето на бродот до Југославија како и активностите по истоварувањето на луѓето и опремата назад во државата.[47] Повлекувањето на припадниците на Одредот било извршено во два дела, еден дел заминал со брод од пристаништето Ел Ходеида, а друг дел заминал со авион од аеродромот од истиот град. Повлекувањето на Одредот било завршено заклучно со 1 декември 1963.

---

[43] Kopija Note sekretarijata OUN i spisak imena vojnika JNA koji su odlikovani medaljom UN za sluzbu pri posmatračkoj misiji u Jemenu, (ВА, АЈНА, ОД–1, к. 557, ф. 6, ред. бр. 1).

[44] Раде Хамовиќ (1916–2009), југословенски генерал.

[45] Naredba br. 11 Generalštaba Jugoslovenske narodne armije od 18 decembra 1963 g., (ВА, АЈНА, ОД–2, к. 586, ф. 1, ред. бр. 3–1).

[46] Report by the Secretary-General to the Security Council on the functioning of the United Nations Yemen Observation Mission and the implementation of the terms of disengagement covering the period from 29 October 1963 to 2 January 1964, 2 January 1964, (Document S/5501 & Add. 1).

[47] Naredjenje o povlačenju Odreda JNA iz Jemena, (ВА, АЈНА, ОД–2, к. 586, ф. 1, ред. бр. 2–1).

Мисијата UNYOM продолжила да функционира и по повлекувањето на Одредот на ЈНА од Јемен. До нејзиното завршување во септември 1964 година, Југославија учествувала со воени лица со ранг на офицер, на должноста воени набљудувачи.[48]

Според списокот на војниците кои учествувале во мисијата UNYOM во Јемен, како и листата на воениот персонал од Југославија одликуван со медал на ООН за служба во набљудувачката мисија UNYOM, во оваа мисија, од Македонија не учествувало лице со ранг на офицер или подофицер. Во мисијата учествувале тројца војници од Македонија: Јованче И. Алексов, Павле С. Јаневски и Милија Г. Митев.[49]

## БИБЛИОГРАФИЈА

### ДОКУМЕНТИ НА ООН

Report of the Secretary-General to the Security Council concerning developments relating to Yemen, 29 April 1963, (UN Document S/5298).

Second report of the Secretary-General to the Security Council on developments relating to Yemen, 27 May 1963, (UN Document S/5321).

Report of the Secretary-General to the Security Council on the functioning of the United nations Yemen Observation Mission and the implementation of the terms of disengagement, 4 September 1963, (UN Document S/5412).

Report of the Secretary-General to the Security Council on the functioning of the United nations Yemen Observation Mission and the implementation of the terms of disengagement, 28 October 1963, (UN Document S/5447&Add. 1&2).

Report by the Secretary-General to the Security Council on the functioning of the United Nations Yemen Observation Mission and the implementation of the terms of disengagement covering the period from 29 October 1963 to 2 January 1964, 2 January 1964, (Document S/5501 & Add. 1).

UN Security Council Resolution 179, 11.06.1963.

---

[48] Останува непознато дали во продолжението на мисијата UNYOM, во периодот ноември 1963–септември 1964 година, како воени набљудувачи учествувале воени лица од Македонија, бидејќи таква листа на воени набљудувачи во мисијата UNYOM, не постои во Воениот архив во Белград.

[49] Spisak vojnika Odreda JNA, koji su došli na Sinaj 8.VI.1963 godine iz domovine, a otišli sa Sinaja u Jemen 27.VI.1963 godine, (ВА, АЈНА, ОД–2, к. 586, ф. 3, ред. бр. 7–1).

## АРХИВСКИ ФОНДОВИ

Naredjenje DSNO o formiranju, priprema i upućivanju Odreda JNA u Jemen u sastavu snaga OUN, (ВА, АЈНА, ОД – 2, к. 586, ф. 1, ред. бр. 1).

Kopija Note sekretarijata OUN i spisak imena vojnika JNA koji su odlikovani medaljom UN za sluzbu pri posmatrackoj misiji u Jemenu, (ВА, АЈНА, ОД – 1, к. 557, ф. 6, ред. бр. 1).

Spisak vojnika Odreda JNA, koji su došli na Sinaj 8.VI.1963 godine iz domovine, a otišli sa Sinaja u Jemen 27.VI.1963 godine, (ВА, АЈНА, ОД – 2, к. 586, ф. 3, ред. бр. 7–1).

Plan operacija za misiju Ujedinjenih nacija u Jemen i Saudi Arabiji - prilog br. 3, (ВА, АЈНА, ОД – 2, к. 586).

Naredjenje o povlačenju Odreda JNA iz Jemena, (ВА, АЈНА, ОД – 2, к. 586, ф. 1, ред. бр. 2–1).

Naredba br. 11 Generašltaba Jugoslovenske narodne armije od 18 decembra 1963 g., (ВА, АЈНА, ОД – 2, к. 586, ф. 1, ред. бр. 3–1).

## СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ

„Разбиена нова инфилтрација од Саудиска Арабија во Јемен", Нова Македонија, XX/ 5974, 6.06.1963, 1.

„У Тант: Посматрачи на ОН долж границата меѓу Јемен и Саудиска Арабија", Нова Македонија, XX/5977, 9.06.1963, 1.

„Состанок на Советот за безбедност за Јемен", Нова Македонија, XX/5980, 12.06.1963, 1.

„Павиќевиќ разговараше со У Тант", Нова Македонија, XX/5981, 13.06.1963, 1.

„Југославија ќе упати во Јемен одред од 110 војници и старешини", Нова Македонија, XX/5995, 27.06.1963, 3.

„Благодарно писмо од У Тант до постојаната мисија на СФРЈ при ООН", Нова Македонија, XX/6170, 17.12.1963, 3.

UN u Kongu i Jemenu – Jugoslavija i pitanje finansiranja operacija i misija UN, *Medjunarodna politika*, XIV/325 (1963), 6–7.

„U bafer zoni", Narodna armija, XIX/1252, 2.08.1963, 9.

„Функционери УН одају велико признање делатности југословенског одреда у Јемену", Борба, XXVIII/211, 2.08.1963, 6.

„Patrolna staza dugačka 180.000 kilometara", Narodna armija, XIX/1270, 6.12.1963, 10.

„Naš Odred u Jemenu", Front, XIX/19, 1.10.196,14–15.

„Zahvalnost U Tanta Jugoslaviji za pomoć posmatračkoj misiji OUN u Jemenu", XX/1272, Narodna armija, 1272, 20.12.1963, 12.

Popović, Borjanka. Učešće pripadnika JNA u mirovnim operacijama UN u periodu od 1956. do 1993. godine, *Vojno delo*, vol. 64 (2012), 352–374.

## ДРУГИ ПУБЛИКАЦИИ И ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ

*The Blue Helmets*, A review of United Nations Peace-keeping, Second edition, New York, United Nations Department of Public Information ed, 1990.

United Nations Yemen Observation Mission - UNYOM (July 1963-September 1964), Background, (https://peacekeeping.un.org/sites/default/files/past/unyombackgr.html);

United Nations Yemen Observation Mission - UNYOM (July 1963 – September 1964), Mandate, (https://peacekeeping.un.org/sites/default/files/past/unyommandate.html).

United Nations Yemen Observation Mission - UNYOM (July 1963 – September 1964), Facts and Figures, (https://peacekeeping.un.org/sites/default/files/past/unyomfacts.html).

Report no. 13, Historical Section, Canadian Forces Headquarters, *Yemen - UNYOM*, 19 December 1966. (https://www.canada.ca/en/department-national-defence/services/military-history/history-heritage/official-military-history-lineages/reports/forces-headquarters-1965-1970/book-peacekeeping-yemen-1963-1964.html).

United Nations Yemen Observation Mission (UNYOM), (https://www.canada.ca/en/department-national-defence/services/military-history/history-heritage/past-operations/middle-east/united-nations-yemen-observation-mission.html).

RCAF in the United Nations Yemen Obervation Mission - UNYOM (http://www.115atu.ca/yem.htm).

Животић, Александар. *Форсирање песка – Одред ЈНА на Синају 1956 – 1967*. Медија центар Одбрана, Београд, 2011.

Sašo Dodevski
Ministry of Education and Science

## THE YUGOSLAV UNIT IN THE UN PEACEKEEPING MISSION *UNYOM* IN YEMEN IN 1963

(summary)

The Yugoslav contingent, consisting of an infantry reconnaissance unit of the Yugoslav People's Army, actively participated in the UN peacekeeping mission (United Nation Yemen Observation Mission - *UNYOM*) in Yemen in 1963 in a specific and complex historical and geo-political context (The Cold War) in the southern region of the Arabic peninsula. Yugoslavia, leading an active foreign policy and diplomacy, successfully used the Yugoslav People's Army in the direction of affirmation and strengthening of the international reputation and influence of Yugoslavia at the international level. This can best be seen through its participation in UN peacekeeping missions, in this case in Yemen in 1963. Apart from being the leader of the Non-Aligned Movement, Yugoslavia tried to make a contribution to international peace and security. The Yugoslav military personnel actively participated in the achievement of the mission objectives. Despite the extremely complicated conditions on the ground and the geopolitical context in the area in which the unit operated, it made an adequate contribution to stabilizing the situation in that region. We can evaluate the action of Yugoslav reconnaissance unit in the UN peacekeeping mission in Yemen in 1963 as successful. This is also very important for contemporary Macedonia as the successor of the military tradition and history of former Yugoslavia, because soldiers from Macedonia also participated in the UN mission in Yemen.

# ИЛУСТРАТИВЕН МАТЕРИЈАЛ




Позициите на Одредот на ЈНА во Јемен. (*The Blue Helmets*..., Appendix III Maps).



Патрола на Одредот во главната база во Најран, (https://dam.media.un.org).[50]



Состанок во Најран меѓу саудиските офицери и претставниците на Одредот, (https://dam.media.un.org).[51]

---

[50] Фотографијата е од колекцијата на фото-базата на ООН (UN Photo–Digital Asset Management System).



Полковник Матија Поповиќ (втор од лево) на состанок со канадските пилоти за организирање на воздушните патроли, (https://dam.media.un.org).[52]




Воздухопловната база на канадската воздухопловна единица во Најран, Саудиска Арабија. (http://www.115atu.ca/Photos/gm/gm04.jpg).

[51] Фотографијата е од колекцијата на фото-базата на ООН (UN Photo–Digital Asset Management System).

[52] Фотографијата е од колекцијата на фото-базата на ООН (UN Photo–Digital Asset Management System).




Воздухопловната база на канадската воздухопловна единица во Јизан, Саудиска Арабија. (http://www.115atu.ca/Photos/gm/gm29.jpg).



Воздушни патроли со летови над јеменско-саудиската граница. (http://www.115atu.ca/Photos/gm/gm07.jpg).




Медалот на ООН за служба во мисијата UNYOM.
(https://bigburymint.com/product/un-yemen-observation-mission-unyom-full-size/).



Поглед на Сана, Јемен; долу во левиот агол седиштето на мисијата UNYOM.
(https://dam.media.un.org).[53]

[53] Фотографијата е од колекцијата на фото-базата на ООН (UN Photo–Digital Asset Management System).